совет за етика во
медиумите на македонија

13.09.2016г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Интернет порталот Југоинфо (www.jugoinfo.mk), за текстот со наслов "(ВИДЕО) Од 6-ти до 14-ти август, петто, јубилејно издание на "Струмица опен фестивал", објавен на 13.07.2016 година, во 21 часот и 58 минути, на Интернет порталот Струмица денес (www.strumicadenes.mk)**

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 14.07.2016 година, Интернет порталот Југоинфо поднесе жалба за текстот со наслов "(ВИДЕО) Од 6-ти до 14-ти август, петто, јубилејно издание на "Струмица опен фестивал"", објавен на 13.07.2016 година, во 21 часот и 58 минути, на Интернет порталот Струмица денес.

Во жалбата се наведува дека Интернет порталот Струмица денес го презел споменатиот авторски текст и слика од Интернет порталот Југоинфо, беа притоа да наведе извор, ниту, пак, да ги почитува правилата за преземање содржини од Југоинфо.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Струмица денес и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата.

Од Струмица денес испратија одговор на наводите на жалителот. Во одговорот се вели дека станува збор за видео и фотографија кои се лично на Струмица денес, чија екипа присуствувала на настанот, односно на прес-конференцијата. Се вели дека единствено е преземен дел од текстот, на кој е наведен изворот – Југоинфо и кој е линкуван според правилата на споменатиот Интернет портал.

Од Југоинфо иформираа дека по започнатата постапка од страна на СЕММ и контактирањето на Струмица денес, Интернет порталог го навел изворот на преземената информација и го навела Југоинфо како извор на информацијата. Според тоа, од Југоинфо сметаат дека порталот Струмица денес ја поправил грашката и постапил во согласност со правилата.

На седницата на 31.08.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Југоинфо, направи увид во наведениот текст, го разгледа одговорот од Струмица денес, како и изјавата од Југоинфо за исправка на грешката.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

совет за етика во
медиумите на македонија

Во согласност со наведеното и врз основа на член 13 од Деловникот за работа на Комисијата, Комисијата за жалби одлучи како во диспозитивот, како резултат на исправка на грешката и надминување на недоразбирањето меѓу двата Интернет портала.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири и Беким Ајдини.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595